# ЗАПИСНИК

од 2-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС
Скопје, 26.04.2022

**<u>Присутни</u>**:

Ридван Ибраими (Градоначалник на Општина Арачиново), Звонко Пекевски (Градоначалник на Општина Берово), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Бесник Емши (Градоначалник на Општина Боговиње), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Миле Петков (Градоначалник на Општина Виница), Арбен Таравари (Градоначалник на Општина Гостивар), Данела Арсовска (Градоначалничка на Град Скопје), Хекуран Дука (Градоначалник на Општина Дебар), Никола Најдовски (Градоначалник на Општина Демир Хисар), Борчо Коцев (Градоначалник на Општина Зрновци), Александар Георгиевски (Градоначалник на Општина Илинден), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Бранко Ристов (Претседател на Совет на Општина Карпош), Љупчо Папазов (Градоначалник на Општина Кочани), Стевче Стевановски (Градоначалник на Општина Новаци), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Драган Анастасов (Градоначалник на Општина Пробиштип), Јован Тозиевски (Градоначалник на Општина Ресен), Стефче Трпковски (Градоначалник на Општина Сопиште), Костадин Костадинов (Градоначалник на Општина Струмица), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Трајко Славески (Претседател на Совет на Град Скопје), Зоран Љутков ( Претседател на Совет на Општина Велес), Блаже Шапов (Градоначалник на Општина Богданци), Бобан Стефковски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Анго Ангов (Градоначалник на Општина Дојран), Блерим Сејдиу (Градоначалник на Општина Желино), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Николче Мискоски (Градоначалник на Општина Кривогаштани), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Борче Митевски (Градоначалник на Општина Петровец), Алија Јаоски (Градоначалник на Општина Пласница), Борче Спасовски (Градоначалник на Општина Ранковце), Стојан Николов (Градоначалник на Општина Росоман), Жаклина Јовановска (Градоначалник на Општина Старо Нагоричане), Аријан Ибраим (Градоначалник на Општина Центар Жупа), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Курто Дудуш (Градоначалник на Општина Шуто Оризари), Сашо Донев (Претседател на Совет на Општина Охрид), Габриела Илиевска (Претседател на Совет на Општина Битола), Ристо Манчев (Градоначалник на Општина Босилово), Киро Нацков (Градоначалник на Општина Градско), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Димитар Костадиноски (Градоначалник на Општина Јегуновце), Тодорче Николовски (Градоначалник на Општина Кратово), Сашко Митоски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Бошко Цветковски (Градоначалник на Општина Лозово), Медат Куртовски (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше), Димчо Атанасовски (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Драганчо Саботковски (Градоначалник на Општина Могила), Горан Стојанов (Градоначалник на Општина Неготино), Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село), Александар Китански (Градоначалник на Општина Пехчево), Дејан Владев (Градоначалник на Општина Свети Николе), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце).

**<u>Дискусија</u>**:

На седницата се присутни 57 делегати со што Генералното Собрание може полноправно да одлучува.

Генералното Собрание го усвои следниот:

# ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од првата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Обраќање на претседателката на ЗЕЛС Данела Арсовска;
3. Усвојување на Годишниот наративен, финансиски и ревизорски извештај на ЗЕЛС за 2021 година;
4. Разно

* * *

**ПРВА ТОЧКА**: Усвојување на записникот од првата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

На отворената расправа за доставениот Записник од 1-та конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС одржана на 11 декември, 2021 г. во Скопје, немаше дискусија.

**ЗАКЛУЧОК**: Генералното Собрание го усвои Записникот од 1-вата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС одржана на 11 декември, 2021 г. во Скопје.

**ВТОРА ТОЧКА**: Обраќање на Претседателката на ЗЕЛС, г-ѓа Данела Арсовска;

Интегрален текст на обраќањето:

"Во ова мое обраќање, на втората седница на Генералното собрание на ЗЕЛС, ќе се обидам накратко да Ве информирам за предизвиците на локалната власт, што Управниот одбор на ЗЕЛС ги разгледуваше на своите седници во изминатите четири месеци. За активности на органите и телата на ЗЕЛС од минатата година, предлагам да погледнете во публикацијата „Годишен извештај на ЗЕЛС за 2021 година", што се наоѓа во вашите папки, заедно со останатите материјали за Генералното собрание.

Како најголем предизвик со кој се соочивме веднаш по локалните избори беше негативното влијание на енергетската криза, која и понатаму претставува сериозна закана за планираниот развој и за ликвидноста на речиси сите општини. Затоа ова прашање, во континуитет беше на дневен ред на повеќето од шесте седници што досега ги одржа Управниот одбор на ЗЕЛС .
Уште на почетокот на годината, преку анализата подготвена од стручната служба на ЗЕЛС добивме информации дека голем број од општините се соочуваат со еднострано раскинување на договорите склучени со лиценциран снабдувач на електрична енергија, поради што бевме принудени да користиме струја што ја испорачува снабдувач во краен случај. Затоа добивме сметки повисоки за четири, пет пати во однос на истите месеци од претходната година. До Управниот одбор, апел упати и Здружението на јавните комунални претпријатија, кое посочи дека ваквата состојба може да доведе до сериозни прекини во обезбедувањето на нивните услуги, особено во снабдувањето со вода за пиење.

Ова прашање веднаш го дискутиравме на седницата што ја одржавме на 10 јануари, кога донесовме конкретни предлог-мерки. Истите ги доставивме до Владата и баравме средба на која ќе дискутираме за можностите за изнаоѓање на заеднички решенија за излез од предизвиците со енергетската криза. Нашите ставовите ги презентиравме и пред јавноста, на прес конференција, а електронски беа доставени и до сите вас.

Со Владата одржавме средба на 18 јануари во присуство на раководството на ЗЕЛС ( јас и двајцата заменици) и неколку претставници од Управниот одбор, а од страна на Владата беа министрите

за финансии, за економија, за локална самоуправа и заменик-претседателот на Влада задолжен за економски прашања. Барањата што ги застапувавме, мислам дека ви се добро познати на сите. Нашиот став, пред се беше дека Владата треба да ја преземе одговорноста од настаната ситуација и да ни даде поддршка да постигнеме нормализирање на состојбите на подолг рок.

За жал, немаше конкретни заклучоци за поддршка на општините, напротив потоа следеа бројни изјави на министрите, кои беа изнесувани и на јавни дебати со обвинувања дека бараме помош, а не сме пристапиле ниту кон ребаланси на буџетите ниту сме ги подржале барањата со конкретни податоци за состојбите во општините. Тоа воопшто не беше точно, ниту пак, коректно од Владата.

Ние и натаму баравме конкретни одговор од Владата како и повторна средба на која баравме да присуствува и Премиерот на државата. Конечно, на 30 март ја одржавме и втората средба на која покрај четворицата министри присуствуваше и Премиерот, Ковачевски. Од наша страна беа речиси сите членови на Управниот одбор на ЗЕЛС. Состанокот повторно заврши без конкретни решенија, односно како што знаете Владата изјави дека ќе излезе со предлог -модели за поддршка на општините за надминување на предизвиците од енергетската криза, откога ќе направи пресек на податоците што бараше да и ги достави ЗЕЛС од секоја општина. Знаете за што се работи, бидејќи ги добивте табелите за пополнување преку ЗЕЛС и истите се испратени до Владата. Состојбата и понатаму е алармантна, но се уште не сме добиле одговор со најавените предлог – модели.

Навистина, јас лично не очекував ваков однос од една Влада за толку сериозно прашање, кое директно се однесува на обезбедување на услуги на нашите „заеднички“ граѓани. Високите сметки и натаму пристигнуваат, а како резултат на кризата во Украина веројатно нема ни блиски изгледи за нивно намалување. Загрозена е ликвидноста на општините, особено на помалите, замира реализација на проектите со кои треба да го подобриме квалитетот на услугите кон граѓаните, се таложат нови долгови, следат веројатно блокади на многу општински сметки.

Она што го констатира Управниот одбор на ЗЕЛС и јас лично стојам зад таа констатација, е дека ваквата состојба всушност е резултат на повеќедецениското потценување на локалната власт и нејзиното постојано држење во финансиска зависност. Затоа Управниот одбор дискутираше и за други решенија кои се однесуваат на подобрување на општата состојба во единиците на локалната власт и истите ги инкорпорира во ревидираните - „ Систематизирани ставови на ЗЕЛС“. Овие ставови, како предлози беа испратени до сите општини, односно имавте можност да ги разгледате и да дадете свои сугестии и мислења. Морам да нагласам дека за жал, одзивот од ваша страна не беше на потребното ниво, па затоа апелирам за поголема вклученост во иднина при разгледувањето на сите заклучоци, барања, документи и закони кои ви ги доставува ЗЕЛС и за кои од вас бара да се произнесете по истите.

Инаку, да појаснам, „Систематизирани ставови на ЗЕЛС“ е најзначајниот документ на Заедницата во кој се опфатени сите приоритетни прашања на единиците на локалната самоуправа за натамошен развој на децентрализацијата и за подобрувањето на квалитетот на спроведувањето на префрлените надлежности. Овој документ служи како основа за лобирање на ЗЕЛС пред Владата и пред другите органи на централната власт. По усвојувањето на овој документ, ЗЕЛС го достави до Владата, а дел од изнесените заложби во него беа предмет на дискусија и на средбата од 30 март.

Всушност пред Владата изразивме незадоволство од предложените решенија за подобрување на финансиската состојба во општините, утврдени во Предлогот на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Во Систематизираните ставови на ЗЕЛС, а и на средбата потенциравме дека бараме зголемување на процентот од зафаќањето од ДДВ да биде најмалку 10 %, а од персоналниот данок 50% во полза на општините. Анализите покажуваат дека нашата држава има најмал процент на одвојување од овие два клучни прихода за општините. Всушност посочивме дека не сме задоволни од понуденото скалесто зголемување на ДДВ кое сега изнесува

4,5 % , а во 2024 година треба да бидеа 6% , а персоналниот данок од сегашните 3% за три години да достигне 6% .

Во насока на барање на други решенија за намалување на последиците од енергетската криза, раководството на ЗЕЛС одржа состанок и со високи претставници од ЕВН, по добиената констатација од повеќе општини за забележано доцнење на исплатата на средствата од комуналната такса за улично осветлување. Од тој состанок произлегоа навистина сериозни прашања за натамошна опсервација поврзани со непочитувањето на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и ЕВН, според кој ЕВН треба да доставува систематизирани податоци по категории и броила до општините, околу наплатата на комуналната такса. На ова средба стана збор и за редефинирање на актуелната практика при поведувањето на судски процеси за неплатени сметки за електрична енергија кон граѓаните.

За да може да ги платиме високите сметки, нормално е дека треба да се свртиме посериозно кон подобрување на финансиските приходи од сопствени извори, особено во делот на обезбедување на објективниот број на решенија за данокот на имот. И тука добивме информации од поголем број општини дека Агенцијата за катастар на недвижности не ја спроведува законската обврска за префрлање на бараните податоци од општината. ЗЕЛС и во Систематизираните ставови и на средбата со Владата го реафирмираше барањето, Агенцијата бесплатно да ни ги префрли податоците од имателите на имот, а беше нагласен и предлогот за обезбедување на унифициран електронски систем за наплата на данокот на имот за сите општини.

За подобрување на состојбата со приходите од данок на имот, на почетокот на овој месец, во името на сите општини, преку ЗЕЛС, упативме и јавен апел до даночните обврзници кои три години должат по основ на решенија за данок на имот и по основ на решенија за комунална такса – фирмарина и нагласивме дека долгот може да го подмират најдоцна до 15 април. Исто така, во дописот ги повикавме сите физички и правни лица кои не го пријавиле својот имот на подрачјето на општините или промените на имот, да го сторат истото во најкраток можен рок, и на тој начин да ги одбегнат високите казни утврдени со Закон за даноци на имот.
Во барањата за надминување на енергетската кризата баравме итна поддршка од Владата, за реализација на проекти за енергетската ефикасност, како и обезбедување на предност за општините во добивањето на приклучоците од страна на ЕВН. Одговорот беше дека и во овој момент општините може да добијат грант од 20 % за проекти од енергетска ефикасност, преку обезбедениот кредит од Светска банка, но дека интересот од општините е многу мал. Одговоривме дека општините, не по своја вина, се соочуваат со бројни предизвици во процесот на подготовка до одобрување на проектот, кој трае и по една година и дека во моментов ни се неопходни брзи интервенции што ќе доведат до намалување на огромните издатоци за електрична енергија. Сепак ни беше одговорено дека и ова прашање ќе биде дополнително дискутирано на следната средба.

Иако на седниците на Управниот одбор приоритет во дискусиите имаше енергетската криза, сепак дискутиравме и за други актуелни прашања. Говоревме за примената на прописите од областа на градежното земјиште, со оглед на донесувањето на новите правилници за урбанистичко планирање, како и Уредбата за висината на цената на градежното земјиште. Дискутиравме и за состојбите дека поголем број општини, особено помалите, освен со зголемените трошоци за струја се соочуваат и со трошоци за исплаќање на средства за надомест за извршените услуги за реализација на локалните избори. Констатиравме дека треба да интервенираме со иницијатива за законски измени, особено што локалните избори ги спроведува ДИК и воедно таа ја утврдува цената за исплата на услугата. И ова прашање го изнесовме на средбата со Владата.

Дискутиравме и за подобрување на ефикасноста на противпожарните служби. Несоодветен број на пожарникари, стара опрема, недоволен број на возила од кои некои со старост и по 40 години, недоволни дотации од Министерството за одбрана за плати на вработени и огромниот број на тужби од пожарникарите до општината заради нерегуларности во досегашната исплата, ги доведе општините постојано да се обвинувани за нивната неефикасност. И ова прашање го изнесовме на

разговорите со Владата и беше предложено активностите на работната група при Министерството за одбрана да ги интензивира разговорите во насока на изнаоѓање на најсоодветни решенија.
Од други теми што ги потенциравме и во Систематизираните ставови на ЗЕЛС е иницијативата општините да управуваат со капиталните инвестиции. Веќе споменав и за иницирање на законски измени во насока на обезбедување на поголема покриеност на териториите на општините со урбанистичка планска документација; обезбедување на повеќе средства во блок дотациите за образованието; поддршка на руралните општини преку разни облици и концесии каде локалната власт ќе има значајна улога во донесувањето на одлуките и собирањето на поголем процент од финансиските средства; обезбедување на адекватни услови за зголемување на приходите од данокот на имот и друго.

Во консултација со сите општини, Управниот одбор го усвои и новиот Предлог -Меморандумот за соработка со Владата, бидејќи постојниот Меморандум е склучен речиси пред дваесетина години, односно на 5 март, 2003 година. Истиот е предаден на разгледување на Владата.

Навистина се соочуваме со бројни предизвици, имаме многу работа пред нас, но јас сум оптимист и ќе бидам упорна локалната власт да го добие потребното место во нашата земја. Ќе инсистираме на бројни преговори со Владата, ќе покренуваме многу иницијативи за законски измени. Особено очекувам позитивни исходи од активностите на Работната група за децентрализација, во која членувам и јас како претседател на ЗЕЛС и моите заменици и каде предмет на работа е пакетот на промени за обезбедување на поголема финансиска стабилност на локалната власт; преземање на нови надлежности и промени во организациската поставеност на работењето на единиците на локалната самоуправа."

**ТРЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Годишниот наративен, финансиски и ревизорски извештај на ЗЕЛС за 2021 година;

Со оглед на нивната меѓусебна поврзаност, трите документи беа разгледани заеднички. Детално образложение беше дадено од страна на Извршниот Директор на ЗЕЛС кој истакна дека ЗЕЛС е организација која е прилично самостојна и дека речиси 90% од приходите ги остварува од членарината од своите основачи (општините). Останатите приходи се остварени од услугите кои ЗЕЛС ги дава на општините или на трети лица, а тоа се најчесто организирање на обуки или користење на просториите на ЗЕЛС тренинг центарот.

то се однесува до расходната страна, најголем процент се одливи за плати на вработените, а потоа и за одржување на електронските услуги и системи кои ЗЕЛС ги сервисира во име на општините.

Делегатите имаа можност да е запознаат и со трендот на наплата на членарината, кога е забележан пад кој се одразува на финансиската стабилност на ЗЕЛС, особено што оваа година ЗЕЛС за прв пат дел од расходите морал да ги покрие со средства од пренесените резерви со оглед дека планираниот буџет не е остварен.

До општините е упатен апел редовно да ја плаќаат членарината за што се понудени повеќе модалитети за плаќање на долговите на рати преку склучување на спогодба. ЗЕЛС очекува во што пократок рок да се склучат спогодби за сервисирање на долгот на рати.

Присутните делегати се запознаа и со содржината на ревизорскиот извештај за 2021 година кој во целост е доставен со материјалите за седницата. ЗЕЛС секоја година прави ревизија со ангажирање на приватна независна ревизорска куќа но не само од аспект на соодветно работење согласно Закон, туку и заради евидентирање на грешките кои можат да бидат воочени во работењето заради што треба да направат промени за подобрување на перформансите. Оваа постапка се врши редовно секоја година без исклучок како воспоставена пракса.

Согласно Статутот, предлог документите на Извештајот за финансиското работење на ЗЕЛС (завршна сметка) за 2021 г., наративниот извештај за работата на ЗЕЛС во 2021 г. и Ревизорскиот

извештај за работењето на ЗЕЛС во 2021 г. претходно се усвоени на посебни седници од страна на Управниот одбор на ЗЕЛС и од страна на Надзорниот одбор на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание на ЗЕЛС го усвои Извештајот за финансиското работење на ЗЕЛС (завршна сметка) за 2021 г.

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание на ЗЕЛС го усвои Наративниот извештај за работењето на ЗЕЛС за 2021 г.

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание на ЗЕЛС го усвои Ревизорскиот извештај за работењето на ЗЕЛС во 2021 г

**ТОЧКА РАЗНО**:

Под точката разно немаше расправа..

**Скопје, 26 април, 2022 г.**

**Составил,**
**Стручната служба на ЗЕЛС**